РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
бр. 04-635/27
13.06. 20 25 год.
КОЧАНИ

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 и 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), а во врска со член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19, 14/20 и 208/24), и член 11 и член 11-б од Законот за пожарникарство („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 152/19), в. д. Градоначалникот на Општина Кочани, донесе

# ОДЛУКА
## за избор на кандидати за вработување по Јавен оглас бр.2/2025

1) На јавниот оглас бр.2/2025 за вработување на работници во општина Кочани (бр.04-635/1 од 30.04.2025 година) за работните места:

   **01. Пожарникар спасител - техничар** во ТППЕ Кочани на општина Кочани, шифра ПОЖ 02 10 В03 000 – 1 извршител, во ТППЕ Кочани на Општина Кочани, **се врши избор на кандидатот за вработување – Дејан Минов.**

   **02. Пожарникар спасител** во ТППЕ Кочани на општина Кочани, шифра ПОЖ 02 10 В04 000 – 1 извршител, во ТППЕ Кочани на Општина Кочани, **се врши избор на кандидатот за вработување – Славко Митев.**

2) Одлуката за избор ќе се достави до избраните кандидати.

3) Избраните кандидати за вработување од точка 1) од оваа Одлука, ќе бидат вработени и распоредени на работните места по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно Решение.

## *Образложение*

Комисијата за селекција за вработувње по Јавен оглас бр.2/2025 за вработување на работници во Општина Кочани (бр.04-635/1 од 30.04.2025 и 04-635/9 од 08.05.2025) формирана од страна на Градоначалникот со Решение за формирање на Комисија за селекција на кандидати за вработување во ТППЕ на Општина Кочани (бр.04-635/2 од 30.04.2025 година) во функција на спроведување на постапката за вработување за работните места од точка 1) на оваа Одлука, по Јавниот оглас бр.2/2025, кој беше објавен во дневните весници „Вечер", „Слободен Печат" и „Koha" и на интернет страницата на Општина Кочани на ден 03.05.2025 година, ја спроведе постапката согласно Законот за вработените во јавниот сектор, Закон за пожарникарството и Правилникот за критериуми и селекција на кандидати за вработување во Територијалната Противпожарна единица на Општина Кочани (бр.08-1903/1 од 28.09.2022), за која постапка е утврдено да е во три фази.
Од првата фаза Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас изготви Записник од административна селекција за јавен оглас бр.2/2025 (бр.04-635/14 од 19.05.2025) во кој

беше утврдено дека на огласот се пријавени вкупно 6 кандидати од кои уредни 4, а неуредни 2 кандидати.
Во втората фаза за работното место бр.1 од повикани 2 кандидати, присуствуваа и продолжија 2 уредни кандидати, а за работното место бр.2 од повикани 4 уредни кандидати присуствуваа и продолжија 3 кандидати, со кои и се изврши проверка на физичката подготвеност од што се изготви Записник од проверка на физичката подготвеност за јавен оглас бр.2/2025 (бр.04-635/20 од 28.05.2025).
Од последната трета фаза од постапката за вработување по јавен оглас се спроведе комбинирано интервју, односно устен и писмен дел и се изготви Записник од работата на комисијата за селекција за вработување заради спроведување на интервју (бр.04-635/25 од 05.06.2025).
По спроведените 3 фази од постапката, а во согласност со Правилникот за критериуми и селекција на кандидати за вработување во Територијалната Противпожарна единица на Општина Кочани, се изготви Конечна ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог по јавен оглас бр.2/2025 (бр.04-635/26 од 05.06.2025 година), кои се доставија до Градоначалникот на Општина Кочани на негово информирање и понатамошно одлучување.

В. д. Градоначалникот на Општина Кочани во согласност на член 11 став 13 од Законот за пожарникарството и член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор ја донесе оваа Одлука, со која изборот е на прворангираните кандидати и е во согласност со Конечната ранг листа на кандидати за работното место по јавен оглас бр.2/2025, во која е утврдено дека за работно место 01.Пожарникар спасител - техничар во ТППЕ Кочани на општина Кочани, шифра ПОЖ 02 10 В03 000 – 1 извршител, во ТППЕ Кочани на Општина Кочани, кандидат со најголем вкупен број на освоени бодови е Дејан Минов, а додека за работното место 02.Пожарникар спасител во ТППЕ Кочани на општина Кочани, шифра ПОЖ 02 10 В04 000 – 1 извршител, во ТППЕ Кочани на Општина Кочани, кандидат со најголем вкупен број на освоени бодови е Славко Митев.

Врз основа на сето горе изнесено, в. д. Градоначалникот на Општина Кочани одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука**: *Против ова Решение вработениот има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на Решението до Државна комисија за одлучување во управа постапка и постапка од работен однос во втор степен.*

**Доставено до:**
- Архива
- Вработениот
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Сектор за финансиски прашања

**в. д. Градоначалник на**
**Општина Кочани**
**Венко Крстевски**

Изготвил
Драган Ананиев